ДО

ОПШТИНА БИТОЛА

БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 12-08-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 95/1 | | |

822

Предмет: Барање за пристап до информација од јавен карактер

Од[redacted]

Почитувани

Согласно законот за слободен пристап до информации, а согласно чл. 14 од истиот поднесувам писмено **барање за пристап до информација**.Барањето се однесува за обезбедување и доставување на информација и договор помеѓу Општина Битола и податоци за економскиот оператор кој изведувал тампонирање и алсфалтирање на ул.Штипска во Јени Мале во Битола

Со оглед да јас живеам на наведената улица пред мојата куќа на ул.Штипска бр.47 не е изработена и алфалтирана улицата прописно па водите од улицата воопшто не се прибираат во сливникот поставен одма пред мојата врата, се собира вода , се берат ѓубриња и постои опасност од поплавување на мојот недвижен имот.Очигледно е несоодветно нивелирање и алфалтирање на улицата во овој дел кој се воочува и со голо око.

Со оглед да имам намера да поведам соодветни постапки барам од Вас да ми доставите информација кој е економскиот оператор кој вршел асфалтирање на наведената улица и по можност и договорот помеѓу Вас како и економскиот оператотор.

Согласно чл.12 ст.2 од законот за слободен пристап до информации натамошната комуникација со Вас би ја остварувале усно или во пишана форма за што Ви доставувам мојата адреса ул.Штипска бр.47 како и телефонски број 070 207 488

Со почит

Подносител

Битола 12.08.2024

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-95/2
13.08.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-95/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
13.08.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 20.08.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 95/3 | | |

**Бр.32-сл од 20.08.2024г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Емилија Илиевска**

Предмет: Одговор на барање за пристап до инфорамции од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр.11-95/3 од 13.08.2024г. за пристап до информации од јавен карактер, со кое подносителот [redacted] бара да му биде доставена информација кој е економски оператор кој вршел асфалтирање на споменатата улица,

Ве известуваме дека по спроведена постапка за јавна набавка и согласно склучен договор за изведба, избран изведувач над градежните активности за наведената локација е фирмата ДООЕЛ “БВ Инженеринг” Битола а надзорен орган е ДООЕЛ “Столб”- Битола.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 306 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-95/4
21.08.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **12.08.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-95** од **12.08.2024 година**, каде бара информација за податоци за економскиот оператор кој изведувал тампонирање и асфалтирање на ул.Штипска во Јени Мале во Битола? (детален опис во прилог на Решението)

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-95 на ден 12.08.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за податоци за економскиот оператор кој изведувал тампонирање и асфалтирање на ул.Штипска во Јени Мале во Битола. Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-95/1 од 12.08.2024.
2.Допис до Одделение за комунални дејности со бр. 11-95/2 од 13.08.2024.
3. Одговор од Одделение за комунални дејности со бр.11-95/3 од 20.08.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 21.08.2024 година, под бр. 11-95/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА